# Дневна хемеротека за *03.03.2016г.*

## Утрински - *„Југохром“ се' уште чека градежна дозвола за филтрите*

Утрински весник

### „ЈУГОХРОМ“ СЕ' УШТЕ ЧЕКА ГРАДЕЖНА ДОЗВОЛА ЗА ФИЛТРИТЕ



**До октомври треба да е завршен системот за отпрашување за вториот и третиот погон**

Сања Наумовска

„Југохром“ за две недели очекува да ја добие градежната дозвола и конечно да почне да го гради системот за отпрашување. Комбинатот, кој два месеци не работеше, пред два дена повторно ги стартуваше печките, но и овој пат без филтри на оџаците. Роковите за најважната инвестиција, неопходна за еколошки одржливо работење на компанијата, незапирливо течат, но и понатаму заглавени во административните лавиринти.

„Југохром“ најмалку до крајот на октомври ќе работи без филтри и сериозно ќе придонесува за уште поголемо загадување на воздухот со ПМ-честички. Во Министерството за животна средина велат дека во моментов немаат податоци дали двомесечниот прекин во работењето на компанијата влијаел за намалување на загадувањето. Резултати за тоа што и во колкава мера загадува во Тетово и околината ќе се чекаат од материјалите за хемиска анализа.

„На потеклото на загадувањето влијаат многу параметри и не може паушално и пластично да се споредуваат податоци од мерните станици од изминатите

месеци со кој било друг период без да се вметнат сите параметри. Само со хемиска анализа ќе се знае точно што и во колкав процент учествува во составот на воздухот во Тетово и околината. Од таму ќе се откријат и изворите на загадување, поточно ќе се знае колкав процент од загадувањето е од 'Југохром', колку од сообраќајот, колку од затоплувањето... Тие анализи ќе се прават идниот месец", велат во Министерството.

„Југохром" досега требаше да се усогласи со Оперативниот план и да добие интегрирана еколошка дозвола, но не го испочитува законскиот рок во април 2014 година. Владата во октомври истата година одобри дополнителен рок од две години за спроведување на инвестициите, под услов првите шест месеци работите да бидат видливи на терен. Рокот на „Југохром" истекува во октомври годинава, а според раководството на комбинатот, се прават напори во системот за отпрашување дотогаш да влезат барем два од погоните.

„Документацијата беше доставена во предвидениот термин, но ни беа побарани дополнителни информации и документи поради што роковите се одолжија. Очекуваме градежната дозвола да ја добиеме до 15 март, а градежните работи на системот за отпрашување веднаш ќе стартуваат", вели Васко Скендеровски, генерален директор на „Југохром".

Тој посочува дека до октомври со филтри сигурно ќе бидат најголемите печки во вториот погон, а ќе се направат напори во системот за отпрашување да влезе и третиот погон. Што се однесува до првиот погон, Скендеровски вели дека тука се наоѓаат најмалите печки, кои може и да не работат додека не се завршат инвестициите. Тој нагласи дека веќе е избрана една македонска компанија која ќе треба да ја направи инвестицијата која се проценува на 12-13 милиони евра. Технологијата е од Европската Унија и од САД. Со новиот систем ќе се ставаат под контрола честичките ПМ-10, чии концентрации од оџаците на „Југохром" без филтри се повеќепати повисоки од максимално дозволените.

**Алсат-М - *Изаири се спротивстави на повторното отворање на Југохром***

# Изаири се спротивстави на повторното отворање на Југохром

17:44, 02 март

Сподели ја веста:




Министерот за животна средина не верува дека комбинатот Југохром ќе постави филтри. Затоа од неговите колеги министри во Владата побара да донесат одлука за фабриката на која и покрај тоа што двапати ѝ беше даден нов рок за поставување филтри, тоа не го стори.

„Реално, вашите дилеми се и мои бидејќи тие постојано се правдаат дека ја подготвуваат техничката документација. Јас имам информации дека тие се при крај со подготвување на техничката документација, но за мене е релевантно дали тие ќе почнат интензивно да работат во таа насока, нешто што досега не е направено и што мене ми дава надеж да им верувам. Јас се надевам дека многу брзо, овие денови, Владата, вклучувајќи ме и мене, ќе се освестиме и некои други колеги, за да се донесе некое решение. Ако тие продолжат по старо, тогаш Владата да донесе одлука за затворање“, вели Изаири.

За повторното стартување ан производството по двомесечна пауза, реагираше и Движењето за реформи во ДПА.

„По официјалните мерења според кои оваа фабрика секој ден во воздухот испушта 30 тони индустриски прав и го загадува Полошкиот регион со канцерогените честички ПМ10 до 41%, апсурдно е повторно да му се дозволи да работи без да поставаат филтри. Наместо да направат напори за решавање на овој проблем, владината коалиција ВМРО-ДУИ прават сценарија за меѓусебни провокации и поттикнување на меѓуетнички тензии. Движењето за реформи во ДПА апелира до сите граѓани во Полошко, до екологистите и невладините организации, заедно да го кренеме гласот против канцерогените трујачи, да го заштитиме нашето и здравјето на нашите деца“, рече Елмир Сејфулаху, портпарол на ДР- ДПА.

Вчера со реакции против повторното почнување со работа на Југохром, излегоа и двете движења кои се борат против загадувањето, односно „Еко Герила“ и “Мајка и дете“ .

Башким Сулејмани

## Tetova Sot - *Izairi kundërshton hapjen e Jugohromit (VIDEO)*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

# Izairi kundërshton hapjen e Jugohromit (VIDEO)



in Maqedoni 02/03/2016

Ministri i Ekologjisë Nurhan Izairi është shprehur skeptik se kombinati Jugohrom do vendos filtrat, ai madje ka kërkuar nga kolegët e tij ministra që një herë e përgjithmonë të vetëdijesohen dhe të marrin vendimin e duhur kundër këtij kombinati, i cili edhe përkundër dhënies së afatit shtesë dy herë, nuk ka respektuar vendimet.

"Realisht dilemat tuaja janë edhe dilemat e mia të kahershme, arsyeja është se ata deri më tani permanent po përsërisin se janë duke u furnizuar me dokumentacion teknik . Edhe unë i kam këto informata se janë në përfundim të dokumentacionit teknik por për mua është relevante nëse ata do fillojnë intensivisht me punën gjë që deri më tani nuk e kanë bë dhe kjo nuk më jep mua shpresë për tu besuar. Unë shpresoj se shumë shpejt pra këto ditë, qeveria përfshi dhe mua do vetëdijesohen edhe do kolegë të tjerë që të merret një vendim dhe nëse ata do vazhdojnë me avazin e vjetër Qeveria të sjell vendimin për ta ndërprerë përfundimisht",deklaroi Nurhan Izairi, Ministër i mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor.

Reagim për rinisjen me punë të Jugokromit, ditë më parë kanë bërë edhe dy lëvizjet që permanent luftojnë kundër ndotjes së ajrit, EcoGuerilla dhe organizata Nëna dhe Fëmija./Alsat-M/Bashkim Sulejmani

## Almakos - *Izairi kundërshton hapjen e Jugohromit*

Ministri i Ekologjisë Nurhan Izairi është shprehur skeptik se kombinati Jugohrom do vendos filtrat, ai madje ka kërkuar nga kolegët e tij ministra që një herë e përgjithmonë të vetëdijesohen dhe të marrin vendimin e duhur kundër këtij kombinati

## Lajm - *O Nurhan, hajgare mos ban, se populli kashtë nuk han!*

Ministri i Ekologjisë Nurhan Izairi është shprehur skeptik se kombinati Jugohrom do vendos filtrat, ai madje ka kërkuar nga kolegët e tij ministra që një herë e përgjithmonë të vetëdijesohen dhe të marrin vendimin e duhur kundër këti

## +инфо - Движење за реформи-ДПА: Да кренеме глас против рестартирањето на „Југохром“

.ИНФО®
www.plusinfo.mk

ПРЕЗЕМИ

НАСЛОВНА МАКЕДОНИЈА БИЗНИС СКОПЈЕ КУЛТУРА СВЕТ ИЗБОР СЦЕНА



# Движење за реформи-ДПА: Да кренеме глас против рестартирањето на „Југохром“

Објавено во 20:01 02 март 2016 | Прочитано 835 | Печати

Share 4 Tweet

Одлуката на Владата за рестартирање на масовниот загадувач „Југохром“ претставува глупост на една политичка елита, веќе докажана и нехумана, како што е владеењето на ВМРО и ДУИ, реагираат од Движењето за реформи-ДПА.

Од таму апелираат до сите граѓани на Полог, амбиенталисти и невладини организации заедно да кренат глас против канцерогеното загадување со цел заштита на здравјето.

„По службените пресметки дека оваа фабрика секој ден испушта во воздухот 30 тони индустриска прашина и ја загадува Полошката котлина со канцерогени ПМ 10 честички до 41% и апсурдно е повторно да се даде дозвола за продолжување со работа без поставување на филтри. Недозволив е фактот што во текот на двата изминати месеци, јануари и февруари, сопствениците на „Југохром“ не направиле ниту минимален обид за поставување на заштитни филтри. Од друга страна, истото не го направила ни Владата на Македонија, па ни Министерството за екологија и животна средина. Наместо обиди за решавање на проблемот, владеачката коалиција ВМРО и ДУИ се занимава со изработка на сценарија за меѓусебни провокации и поттикнување на меѓуетнички тензии“, велат од Движењето за реформи-ДПА.

## Lajm - [Sejfullai: Fillimi me punë i Jugohromit, marrëzia e rradhës e BDI-së!]

Lajm

# Sejfullai: Fillimi me punë i Jugohromit, marrëzia e rradhës e BDI-së!

Në selinë e LR-PDSH në Tetovë është mbajtur sot konferencë për shtyp nga zëdhënësi Elmir Sejfullai, i ci
Vendimi i qeverisë që të ristartojë me punë, helmuesi masovik "Jugokrom" është marrëzi e rradhës e një
tashmë të dëshmuar johumane siç është qeverisja VMRO-BDI.

"Vendimi i qeverisë që të ristartojë me punë, helmuesi masovik "Jugokrom" është marrëzi e rradhës e një
tashmë të dëshmuar johumane siç është qeverisja VMRO-BDI.
Pas përllogaritjeve zyrtare se kjo fabrikë çdo ditë hedh në ajër 30 tonelata pluhur industrial dhe ndot Po
grimcat kancerogjene PM10 deri më 41%, është absurde që sërish të lejohet rihapja e saj pa u vendosur
palejueshme fakti që gjatë dy muajve të kaluar, Janar dhe Shkurt, pronarët e Jugokromit nuk kanë bërë a
minimale për vendosje të filtrave mbrojtëse. Nga ana tjetër, të njëjtën nuk e kanë bërë as Qeveria e Maq
Ministria e Ekologjisë dhe ambientit jetësor. Në vend të përpjekjeve për zgjidhje të problemit, koalicioni
VMRO-BDI merret me hartimin e skenarëve për provokime të ndërsjella dhe nxitje të tensioneve ndër-
për reforma PDSH apelon të gjithë qytetarët e Pollogut, ambientalistët dhe Organizatat Joqeveritare, q
ngrejmë zërin kundër helmuesve kancerogjen për të mbrojtur shëndetin tonë dhe shëndetin e fëmijëve t
Elmir Sejfullai.Në selinë e LR-PDSH në Tetovë është mbajtur sot konferencë për shtyp nga zëdhënësi Elm
tha se Vendimi i qeverisë që të ristartojë me punë, helmuesi masovik "Jugokrom" është marrëzi e rradhë
politike, tashmë të dëshmuar johumane siç është qeverisja VMRO-BDI.
"Vendimi i qeverisë që të ristartojë me punë, helmuesi masovik "Jugokrom" është marrëzi e rradhës e një
tashmë të dëshmuar johumane siç është qeverisja VMRO-BDI.
Pas përllogaritjeve zyrtare se kjo fabrikë çdo ditë hedh në ajër 30 tonelata pluhur industrial dhe ndot Po
grimcat kancerogjene PM10 deri më 41%, është absurde që sërish të lejohet rihapja e saj pa u vendosur
palejueshme fakti që gjatë dy muajve të kaluar, Janar dhe Shkurt, pronarët e Jugokromit nuk kanë bërë a
minimale për vendosje të filtrave mbrojtëse. Nga ana tjetër, të njëjtën nuk e kanë bërë as Qeveria e Maq
Ministria e Ekologjisë dhe ambientit jetësor. Në vend të përpjekjeve për zgjidhje të problemit, koalicioni
VMRO-BDI merret me hartimin e skenarëve për provokime të ndërsjella dhe nxitje të tensioneve ndër-
për reforma PDSH apelon të gjithë qytetarët e Pollogut, ambientalistët dhe Organizatat Joqeveritare, q
ngrejmë zërin kundër helmuesve kancerogjen për të mbrojtur shëndetin tonë dhe shëndetin e fëmijëve t
Elmir Sejfullai.ndër helmuesve kancerogjen për të mbrojtur shëndetin tonë dhe shëndetin e fëmijëve tar
Sejfullai.

# Фактор - Дали доволно внимаваме на екологијата?

ФАКТОР
коментарите се слободни, фактите се свети

## Дали доволно внимаваме на екологијата?

март 3, 2016

Tweet | Like 7 | Share 7 | G+1 0

Неодамна новинарска екипа на Фактор.мк се врати од Љубљана, град кој од минатиот месец и официјално ја доби наградата „Европски зелен главен град". Награда која се добива за напорите во поставувањето на стандарди за зачувување на животната средина и амбициозни цели за идниот одржлив развој, за претворање на градовите во попријатни места за живот и работа. А во Љубљана тоа е забележливо на секој чекор!



Град со чисти улици, зелени урбани парцели импресивна и одржлива транспортна мрежа, еколошки одговорни жители кои го селектираат отпадот во три одделни кеси. Во посебен контејнер биоразградливиот отпад, посебен за пластика и за стакло. Во градот има повеќе центри за собирање отпад, така што Љубљана брзо цели кон тоа да биде град со најголем процент на рециклиран отпад во Европа. Тука речиси се се компостира, и на крај рециклира. За само десет години износот на отпад кој се селектира пораснал од 16 на 145 кг по жител, така штоЉубљана многу брзо ќе биде град со нула отпад.

Го посетивме и модерниот регионален центар за управување со отпад кој се карактеризира со најмодерни технологии за складирање на отпадот, со минимално влијание врз животната средина, каде доаѓа собраниот отпад од цела Словенија, каде се ситни и просејува, се одвојуваат тешките фракции од органскиот отпад, а биоотпадот се користи за производство на квалитетно гориво за цементната индустрија или за одгледување на растенија. Во овој центар 150.000 т отпад годишно се селектира, додека 21.000 т биоотпад се рециклира.

Воодушевени од тоа што го видовме, неминовно си го поставивме прашањето каде сме ние, нашиот главен град, нашата Македонија во имплементацијата на еколошките стандарди. Какви се еколошките навики на нашите граѓани, нашите компании, на институциите, колку тие се однесуваат одговорно.

За жал кај нас нецелосно се спроведува дури и законот за управување со пакување и отпад од пакување! Станува збор за еден еколошки закон кој за главна цел има почиста животна средина и исполнување на националните цели кои предвидуваат до 2020 година над 60% од масата на амбалажниот отпад да се рециклира или енергетски искористи. Исполнувањето на овие цели е и еден од предусловите за влез на Македонија во ЕУ. Согласно овој закон, сите компании кои произведуваат или увезуваат производи во Македонија, должни се да се приклучат кон организиран систем со кој отпадот од амбалажата на нивните производи ќе се собере и однесе на рециклирање или енергетско искористување.



Но, според наши извори дел од компаниите колективни постапувачи со амбалажен отпад веќе две години по ред од Министерството за екологија добиваат негативна оцена за своето работење, не ги исполнуваат националните цели, а се толерираат и оставаат да работат. Тие со тоа стануваат нелојална конкуренција и ги девалвираат останатите компании. Дали Министерството на ова реагира?. Како за споредба, годинава на две компании со слична дејност во Бугарија, неодамна им беше одземена лиценцата.




Со ова не само што се доведуваат во заблуда компаниите-загадувачи со амбалажен отпад, туку и директно се оштетува буџетот на Р.Македонија и се оневозможуваат активностите за да имаме почиста животна средина.

За да имаме иднина, треба сите одговорно да се однесуваме!. Граѓаните да го селектираат отпадот, институциите да се грижат за негово селектирање и рециклирање, а компаниите загадувачи да плаќаат соодветен андоместок за тоа. Животната средина е неповратен ресурс. Ако еднаш ја уништиме, тешко повторно да ја повратиме. Затот сите ние треба да биде одговорни, и секој во својот домен да придонесува.

*Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.
Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.